# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 17 | Среда, 6 декември 2023 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

### Содржина

**Градоначалник на Општина Струмица:**

**Рег.бр.** **Стр.**
**442. Одлука** за организирање повторена јавна анкета и јавна презентација на конечен предлог план на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од Централно градско подрачје на делови од Блок 1 (УЕ1), Блок 30 (УЕ7) Блок 33 (УЕ4) и Блок 37/1 (УЕ5) во Струмица....................................**1**
**443. Решение** за формирање на Комисија за спроведување на повторена јавна анкета и јавна презентација на конечен предлог план на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од Централно градско подрачје на делови од Блок 1 (УЕ1), Блок 30 (УЕ7) Блок 33 (УЕ4) и Блок 37/1 (УЕ5) во Струмица..............................................................................................................................**2**

**.................................................................................................**

**442.**

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија “ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 39 од Статутот на Општина Струмица (“Службен гласник на Општина Струмица” број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на Општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање повторена јавна анкета и јавна презентација на конечен предлог план на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од Централно градско подрачје на делови од Блок 1 (УЕ1), Блок 30 (УЕ7) Блок 33 (УЕ4) и Блок 37/1 (УЕ5) во Струмица**

**Член 1**

Се организира повторена јавна анкета и јавна презентација на конечен предлог план на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од Централно градско подрачје на делови од Блок 1 (УЕ1), Блок 30 (УЕ7) Блок 33 (УЕ4) и Блок 37/1 (УЕ5) во Струмица, со површина од 8,11ха.

Просторот на планскиот опфат е ограничен со осовините на следните сообраќајници: “Невена Стојкова”, “Моша Пијаде”, “Ванчо Китанов”, “Јане Сандански”, “Благој Јанков Мучето”, бул.“Ленинова”, “Сандо Масев”, “Ѓорче Петров”, “Герас Цунев”, “Јосиф Јосифовски Свештарот” и “Боро Џони”.

**Член 2**

Одлуката за организирање на повторена јавната анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам, комунални работи и градежно земјиште, на ВЕБ страницата на Општина

Струмица, во Службен гласник на Општина Струмица и во две јавни гласила.

**Член 3**

Повторената јавната анкета ќе трае од 11.12.2023 година до 15.12.2023 година, а повторената јавната презентација ќе се одржи на ден 12.12.2023 година во 11:00 часот во просториите на Секторот за урбанизам, комунални работии градежно земјиште, во Струмица.

**Член 4**

Конечниот предлог план на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од Централно градско подрачје на делови од Блок 1 (УЕ1), Блок 30 (УЕ7) Блок 33 (УЕ4) и Блок 37/1 (УЕ5) во Струмица, ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам, комунални работи и градежно земјиште ул.”Ленинова” бр.34.

**Член 5**

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во ”Службен гласник на Општина Струмица”.

Бр.05-10186/2 Општина Струмица
30.11.2023 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Костадин Костадинов

....................................

**443.**

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 ,64/18 и 168/18) и член 39 од Статутот на Општина Струмица (“Службен гласник на Општина Струмица” број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 и 16/19 и 29/19), Градоначалникот на Општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за формирање на Комисија за спроведување на повторена јавна анкета и јавна презентација на конечен предлог план на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од Централно градско подрачје на делови од Блок 1 (УЕ1), Блок 30 (УЕ7) Блок 33 (УЕ4) и Блок 37/1 (УЕ5) во Струмица**

1. Се формира Комисија за спроведување на повторена јавна анкета и јавна презентација на конечен предлог план на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од Централно градско подрачје на делови од Блок 1 (УЕ1), Блок 30 (УЕ7) Блок 33 (УЕ4) и Блок 37/1 (УЕ5) во Струмица, со површина од 8,11ха во состав:

- Софија Ристова - Раководител на Одделението за урбанизам,

- Томе Тимов - претставник на изготвувачот на планот,

- Елина Трендова - дипломиран архитект, надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе повторената јавна анкета од 11.12.2023 година до 15.12.2023 година, а повторената јавната презентација на ден 12.12.2023 година во 11:00 часот во просториите на Секторот за урбанизам, комунални работии градежно земјиште, во Струмица.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Струмица”.

Бр.09-10186/3 Општина Струмица
30.11.2023 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Костадин Костадинов

....................................